## ЕКСКЛУЗИВНО ЗА ДЕНЕС СО ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА АВСТРАЛИСКО - МАКЕДОНСКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА:

# СЕКОГАШ ВО ОДБРАНА НА НЕОТУЃИВИТЕ ПРАВА



**Како што повеќето читатели можеби знаат, на 20 март Комитетот ќе ја одржи 26тата по ред вечеринка во Гранд Нерет Рецепшионс во Епинг. Специјални гости на овој настан ќе бидат Димитри Јованов, член на македонската политичка партија од Грција, Виножито и Професор Виктор Фридман од Универзитетот во Чикаго.**

**Интервјуто е водено со членовите на извршниот одбор: Ѓорги Влахов, Џејсон Камбовски, Васко Настевски, Др. Крис Попов и Давид Витков.**

**Ќе сакате ли да ги издвоите најзначајните успеси на Македонскиот комитет за човекови права во Австралија досега?**

Австралиско–македонскиот комитет за човекови права постои уште од 1984 год. што значи дека е активен повеќе од 25 години. Поголемите упеси во последните три децении се победата на Комитетот заедно со Македонското учителско друштво на Викторија против Викториската влада во врска со преименувањето на македонскиот јазик и акцијата против викторискиот министер Пандазопоулос кога расистички тој ја нарече македонската заедница “Скопјанска” и Македонскиот јазик “Скопјански”. Нашата акција доведе до разрешување на министерот.

На надворешен план, Комитетот има одиграно клучна улога во поддршката на партијата на Македонците во Грција “Виножито” и партијата на македонското малцинство во Бугарија ОМО “Илинден” ПИРИН. Поради нашата директна поддршка (заедно со МХРМИ во Торонто) овие битни македонски организации имат функционални канцеларии во Лерин и Благоевград. Овие успеси не се мали, и ние сме горди на нив. Се надеваме на уште поголема поддршка од македонската заедница во Австралија за да можеме да го зголемиме успехот во иднина.

Имаше многу акции во кои бевме инволвирани во изминатава декада во Австралија (исто така бевме и активни преку океанот помагајќи ги нашите партнерски организации во Грција, Бугарија и Албанија, да не ги споменуваме и многуте известувања и предлози што ги имаме направено на форумите како Светскиот Конгрес за Расизмот на ОН, Репортот на ECRI 2004, Советот на ЕУ, собирот на ОБСЕ секоја година, на Европската Комисија за Човечки Права за односот на Грција и Бугарија и нивните прекршувања на човечките права и многу други...). Некои од активностите во кои бевме инволвирани, овде и и во странство можете да ги најдете на нашата интернет страница кога ќе одите низ годините кои таму се одбележани. Додека некои нема да ги најдете на интернет, како на пример бројните представувања направени пред Австралиската Влада за недозволувањето на Австралиски државјани да влезат во Грција или дека се злоставувани на границата; исто така имаме преземено и други акции во име на луѓето што се дискриминирани бидејќи се “Македонци” (некогаш помагајќи им пред Комисијата за Еднакви Права), потоа за дискриминацијата што се случува во болниците, имиграциони предмети, дискриминацијата во добивање на разни државни сервиси и услуги –како бирото за вработување, образованието, преведувачките сервиси, пензионерските услуги. Одговарајќи на телевизиските и радио програми што дозволуваат понижувачко пренесување во врска со Македонската заедница, известувањето во весниците, ги помагавме Македонски поддржуваните фудбалски клубови во разни акции, го поддржуваме и создавањето на Македонски јазични гранки во главните политички партии (!!) низ разни активности, дури сме помагале и за луѓе што биле дискриминирани од приватни компании.

Ние исто така имаме контрибуирано во разни мултикултурни полиси низ Австралија преку давање сугестии и презентации, за поинаквиот консултативен процес за човечки права што се случува, во повеќето ”про боно” законски објекти, ние со преговори го вклучивме “Македонски” (наспроти “Славо–Македонски”, што беше вистинска опасност додека не интервенираве) во потеклото во минатите два Австралиски пописи (во извештаите), учествувавме во разни интелектуални форуми преку конференциски презентации итн... Вистина, не можете да си замислите колку има да се работи.

Но, можеби само да потенцирам неколку актуелни работи што доаѓаат на ум, моментално преговараме со NAATI, што е федерално тело што ги надгледува акредитациите за преведување и преведувачки сервиси во Австралија. Неправедно, тие престанаа со тестирање (а со тоа и со акредитирање) на Македонскиот јазик и интерпретирачки сервиси, иако нивните податоци кажуваат дека ова е дел со голема побарувачка. Во изминативе шест месеци имавме доста детални преговори со нив и мислиме, се надеваме, дека тие ќе продолжат со тестирањето на Македонски во новата финансиска година. (Откако овој одговор беше даден, потврдено е дека Македонскиот програм ќе биде обновен – можете да го видите на вебсајтот www.macedonianhr.org.au).

Исто така подрачјето во кое сме фокусирани во моментов е помагање на “децата бегалци” кои се граѓани на Австралија, во легалната акција што се води против Владата на Грција. Им помагаме да подготват докази, барање итн...

Се разбира некои работи не можеме да ги објавуваме сè уште во јавноста од различни причини.

Ние сме отворени за соработка со сите што се заинтересирани во човечките права, дали тие се под закана во Австралија или во странство.

**Како ја оценувате соработката со пошироката македонска заедница?**

Соработката со пошироката македонска заедница е добра и конструктивна. На 20 март 2010 Австралиско–македонскиот комитет за човекови права има иницирано национална политичка конференција во Мелбурн. Преставници од главните македонски организации од цела Австралија ќе присуствуваат и ќе учествува на овој важен настан за нашата заедница. Намерата е да се постават темелите за една здрава и систиматизирана соработка во врска со лобирањето на политичарите на Австралија, бидејќи нашата заедница тука сè уште доживува разни форми на дискриминација и заради тоа што австралиската влада не го признава уставното име на Република Македонија.

**Поконкретно, какви активности сте покренале во разубедувањето на авторитетите во Австралија кои толку лесноверно му подлегнаа на грчкиот притисок за именување на македонската држава со навредлива референца?**

Досега нашиот комитет има покренато низа активности за убедување на Австралија да ја признае Република Македонија под нејзиното уставно име. Сме оствариле бројни средби со претставници на Австралиското Министерство за Надворешни Работи, со претставници и пратеници на Друштвото за Пријателство со Република Македонија кое постои во Федералниот Парламент, објавивме бројни статии во македонскиот печат и на Интернет во кои што ги образложивме аргументите за признавање на РМ под уставното име. Очекуваме наскоро да се сретнеме со Министерот за Надворешни Работи. Но морам да истакнам дека најбитен фактор за признавање на РМ под нејзиното уставно име од страна на Австра-

лија е притисокот што треба да се изврши од нашата заедница врз федералната влада и пратениците кои што ги претставуваат тие избирачки единици каде што Македонците живеат во голем број.

**Со кои македонски асоцијации и здруженија во светот најквалитетно соработувате?**

Австралискиот македонски комитет за човекови права е дел на една меѓународна мрежа што работи преку Австралија, Северна Америка и Европа. Нашите партнери, со кои што заедно се бориме за правата и интегритетот на македонскиот народ низ цел свет се следните организации:

**European Free Alliance – Rainbow**
Address Stephanou Dragoumi 11
PO Box 51
53100 Florina / Lerin
Greece
Telephone +30 23850 46548
E-mail vinozito@otenet.gr or rainbow@vinozito.gr
Website www.vinozito.gr

**OMO “Ilinden” Pirin**
Address Bulgaria
Blagoevgrad 2700
zk 'Elenovo' bl 6 v. B ap. 6
p.k. Mechkarovi
Email
omo_ilinden_pirin@yahoo.com
Website
www.omoilindenpirin.org

**Macedonian Human Rights Movement International**
Address 157 Adelaide St. West, Suite 434
Toronto, Canada M5H 4E7
Telephone 1-416-850-7125
Email info@mhrmi.org
Website www.mhrmi.org

Во исто време, нашиот Комитет соработува со сите македонски организаци што имат слични ставови и гледишта.



**Австралиско Македонскиот Комитет за Човекови Права со гостите од “Виножито” и “ОМО Илинден Пирин” во Мелбурн**

**Во колкава мера сте оптимнист за побрзо разрешување на спорот меѓу Македонија и Грција?**

Со оглед на националистичката реторика со која што настапува новата влада на Папандреу и заострувањето на грчката позиција во врска со името не очекувам брзо решавање на спорот околу името. Грција има интерес да го одолговлекува спорот за да ја дестабилизира Македонија, за тоа Македонија би требало да бара решение во рамките на Обединетите Нации согласно со една нова правна стратегија.

На крајот на краиштата, ние мислиме дека владата на Република Македонија мора интензивно да работи сосема да се повлече од овие луди разговори околу името.

**Според вас каков треба да биде компромисот што треба да го постигнат двете независни држави за да си ги регулираат меѓусосетските односи?**

Нормализирањето на меѓусосетските односи меѓу Република Македонија и Грција може многу лесно да се случи со договор за взаемо почитување на правото на постоење на двете држави како и правото на само–идентификување на тие држави. Но да се постигне ваков вид на договор Грција треба да отстапи од нејзините тврди и недемократски позиции што се спротивни на меѓународното право и еднаш засекогаш да го признае името на Република Македонија и на македонскиот народ. Не гледаме можност за друг вид на договор или “компромис”.

**Ќе сакате ли да ги запознаете читателите на "Today - Денес" со програмата на Комитетот за оваа година?**

Во 2010 Австралиско–македонскиот комитет за човекови права има планирано широк спектар на активности. Како што повеќето читатели можеби знаат, на 20 март Комитетот ќе ја одржи 26тата по ред вечеринка во Grand Neret Receptions во Епинг. Специјални гости на овој настан ќе бидат Димитри Јованов, член на македонската политичка партија од Грција, Виножито и професор Viktor Friedman од Универзитетот во Чикаго. Интересот за гостите е огромен, посебно за професорот Фридман, кој има напишано значителен број статии за македонското прашање и македонскиот јазик, и течно зборува македонски. Но, професорот во последно време е познат по неговиот настап на неодамнешната промоција на грчко–македонскиот речник во Атина која беше упадната од грчки фашисти. Јованов и Фридман ќе ни бидат гости во Мелбурн една недела и сметаме дека ќе биде незаборавна посета, особено бидејќи ќе се организираат почесни предавања на неколку прочуени факултети во Мелбурн.

Исто така Комитетот има планирано други активности за 2010, вклучувајќи и неколку проекти поврзани со правната кампања против Грција на децата бегалци; основање на стипендиски фонд за студенти и припреми за следниот попис во Австралија што ќе се одржи наредната година. Се разбира дека како и секоја година, Комитетот ќе продолжи со тесната соработка со Виножито, ОМО Илинден ПИРИН и МХРМИ во Торонто, со кои се планирани нови иницијативи. Но за тие ќе ве информираме во блиска иднина.

**Игор Павловски**

### ТОРБЕШИТЕ ВО СТРУГА СЕ ЖАЛАТ НА АЛБАНИЗАЦИЈА

# Учат на албански јазик, а не го разбираат

**Училишниот одбор во основното училиште "Гоце Делчев" тврди дека паралелката на албански јазик е отворена под притисок на градоначалникот Мерко иако торбешите во селото не го знаат албанскиот јазик**

Десет деца од струшкото село Подгорци учат на албански јазик, а не го разбираат. Воведувањето на наставата на албански јазик во основното училиште "Гоце Делчев" се случило среде школска година. Во првото полугодие децата учеле на македонски јазик.

Членовите на Училишниот одбор тврдат дека целата работа е изврtена и наметната од градоначалникот на Струга Рамиз Мерко кој, според нивните сознанија, вршел притисок врз торбешите во селото да ги пуштат децата во албанска паралелка.

"Ова е ујдурма на градоначалникот на Струга Рамиз Мерко и претставува албанизација на голема врата. Децата воопшто не го познаваат јазикот и не знам како ќе следат настава на албански. Несовесни



родители ги жртвуваат своите деца за ситни интереси", вели Мехмед Џемаилоски, претставник на Владата во Училишниот одбор.

Во школата е формирана една паралелка во прво одделение каде што учат четири деца и друга во второ со шест ученици. Останатите деца следат настава на македонски јазик.

Училишниот одбор бара Министерството за образование да ја преиспита одлуката за отворање на паралелки на албански наставен јазик во училиштето во Подгорци зашто училишниот одбор воопшто не е консултиран и нема дадено позитивно мислење.

(“Вест“)

